[redacted]

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedurë Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën e Dytë
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: 07.10.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia org. | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005 | 988/1 | | |

# Baranje za informacija od javen karakter

[redacted]

Yesterday, 3:20 PM

Daniela Radik; Natalija Stojanova Filipova; DKZ kontakt

Reply all

Арх. знак Shenja arkivore ____________
Рок на чување Afati i ruajtjes ____________
____________ 20 ___ год./Viti
Потпис/Nënshkrimi
____________

**До :**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

**БАРАЊЕ**
**За пристап до информација од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, од имателот ја барам следната информација од јавен карактер.

До Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос, преку полномошник – [redacted] имам поднесено приговор на 27ми Јуни, 2021 година, против Решение [redacted] г. водена при Министерство за внатрешни работи, во законски предвидениот рок.
Се обраќам до Вас, доколку по мојот предмет Државната комисија, заседавала и донела Решение, барам еден примерок – копија од Решението согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
Примерокот можете да го доставите електронски на olisristeski@yahoo.com или на домашната моја адреса.

**07.11.2021 Прилеп,** **Подносител:**
[redacted]



Sent from Yahoo Mail on Android

[redacted]

[redacted]

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

18.10 2021

**Архивски број:** 1005-988/3

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ“ бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
### за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер

1. Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен позитивно ќе одговори на Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот [redacted] на ден 07.10.2021 година и заведено во Државната комисија под број 1005-988/1.
2. Бараната информација ќе биде доставена во форма и на начин како што е наведено во барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.
3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

### Образложение

[redacted] на ден 07.10.2021 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (во понатамошниот текст Државна комсија) достави Барање за пристап до информации од јавен карактер и истото е заведено под број 1005-988/1.

Во самото барање е наведено дека барателот преку [redacted] има поднесено приговор на 27 ми јуни 2021 година против Решение [redacted] од [redacted] година водена при [redacted] во законски предвидениот рок. Притоа, подносител се обраќа до Државната комисија со барање да му се достави еден примерок – копија до Решението согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, доколку по неговиот предмет Државната комисија заседавала и донела Решение,

Воедно, подносителот на барањето бара примерокот- копија од Решението да му се достави електронски на неговата маил адреса или на неговата домашна адреса.

Постапувајќи по доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер, Државната комисијата го имаше предвид член 20 став 1 од законот, каде е наведено дека ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение.

Исто така, во член 21 став 1 од законот е предвидено дека имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето.

Постапувајќи по поднесеното барање, Државната комисија донесе одлука позитивно да одговори на истото и бараната информација до подносителот ќе биде доставена во форма како што е наведено во самото барање. Начинот на кој подносителот бара да му се достави информацијата е наведен во барањето за пристап до информации од јавен карактер, односно бара информацијата да биде доставена или електронски на неговата електронска адреса или на неговата домашна адреса.

При постапување по барањето, Државната комисија го имаше предвид и член 6 од законот каде се наведени исклучоците од слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имајќи го предвид сето погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

Изготвил: Наталија С.Филипова